Датум: ______________ Име и презиме: ______________________________

# ЛИТРИ И МИЛИЛИТРИ

Наставен лист

1. На Тина ѝ биле потребни три литри сок за нејзината роденденска забава. Во продавницата имало само сок пакуван во шишиња од 250 ml.
Колку шишиња требала да купи Тина?

Р:

О: __________

2. Во едно буре има 12 литри сок од портокали, а во друго буре 7 литри сок од јаболка.
Направена е мешавина од двата сока и таа е ставена во шишиња од по 2 литри.
   а) Колку шишиња се наполнети?
   б) Ако купиш 3 шишиња од овој сок, колку литри сок ќе однесеш дома?

Р:

О: __________

3. Сара пие секоја вечер и секое утро по една шолја млеко. Нејзиниот брат пие 2 шолји млеко наутро и една шолја млеко навечер. Колку литри дневно млеко пијат Сара и нејзиниот брат, ако една шолја собира количество од 250 милилитри?

Р:

О: __________

4. Матеј се разболел. Лекарот му препишал сируп што треба да го пие – секоја вечер и секое утро по 2 лажички.
   а) Колку милилитри сируп пие секој ден, ако една лажичка сируп собира количество од 4 ml?
   б) Колку милилитри сируп ќе испие за една недела?

Р:

О: __________